*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 09-2324/1
17.04.2025

Врз основа на членот 62 став (1) алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 248/23), претседателот на Собранието на Република Северна Македонија објавува

**ЈАВЕН КОНКУРС**

**за избор на идејно решение за изработка на заштитен знак (лого) на Собранието на Република Северна Македонија**

**Член 1**

(1) Со цел Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) да го модернизира и изедначи својот институционален визуелен идентитет преку изработка на заштитен знак (лого), се распишува Јавен конкурс за избор на идејно решение за изработка на заштитен знак (лого) на Собранието.

(2) Заштитениот знак (во натамошниот текст: логото) на Собранието како визуелен идентитет треба да ги одразува националните вредности и вредностите, мисијата и визијата на Собранието.

**Член 2**

Главни елементи што треба да ги содржат понудените решенија за идејно решение за изработка на логото се:

1) Визуелен идентитет

Создавањето на визуелниот идентитет на Собранието вклучува:

1. Истражување и концептуализација базирана на вредностите, мисијата и визијата на Собранието;
2. Логото треба да биде придружено со детално објаснување на симболиката, вклучувајќи го значењето на секој елемент, боја и форма;
3. Логото треба да содржи графички елемент и целосен текст на називот на Собранието на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на албански јазик и неговото писмо и на англиски јазик и неговото писмо.

2) Насоки за визуелен стил

1. Логото треба да ги одразува националните вредности и вредностите на институцијата;
2. Треба да се избегнуваат премногу трендовски, разиграни или лежерни стилови;
3. Препорачливо е чисти линии, геометриска структура и безвременски дизајн;
4. Шемите на боите препорачливо е да имаат институционална и/или национална симболика.

3) Барања за употребливост и приспособливост

1. Логото треба да биде читливо и препознатливо во различни големини;
2. Сите елементи треба да ги следат најдобрите практики за пристапност со најмалку АА ниво на пристапност;
3. Логото треба да биде приспособливо за употреба во црно-бели, сиви или еднобојни апликации;
4. Логото треба да функционира ефективно и во дигитална и во печатена средина.

4) Поддршка за јазик и типографија

1. Типографијата треба да поддржува кирилица и латиница, со вклучени релевантни групи на знаци за локални јазици;
2. Авторот треба да користи специјално направени фонтови или фонтови со отворен код;
3. Фонтовите за кирилица и латиница треба да бидат во ист стил и форма;
4. Типографијата треба да ги пренесе вредностите на институцијата.

5) Авторски права

1. Дизајнот на логото треба да биде уникатен, до сега неупотребуван, оригинална креација развиена специјално за Собранието и не смее да се реплицира, имитира или приспособува од постоечките логоа или материјали заштитени со авторски права. Авторот треба да обезбеди ексклузивност на дизајнот и да гарантира дека конечната работа нема да повредува какви било интелектуални права, сопственост или заштитни знаци со графичкиот дизајн и фонтот.

**Член 3**

(1) Право на учество на Јавниот конкурс имаат сите дизајнери, уметници и креативци.

(2) Секој учесник може да поднесе едно до најмногу три идејни решенија за лого на Собранието.

(3) Во прилог на идејното решение треба да се достави:

1. Опис на главните технички карактеристики – користен фонт, бои и пропорции на графичкиот и текстуалниот дел од логото;
2. Печатена верзија на логото во црно-бела, колор и негатив варијанта на квалитетна хартија (А4 или поголема);
3. Најмалку пет примери за реална употреба за логото: на пример мокап за меморандум, пенкало, банер на веб-страници, посетница, фотографија;
4. Текст со кој ќе бидат објаснети симболиката и значењето на секој елемент;
5. Биографија (CV);
6. Изјава заверена на нотар за гаранција за оригиналност на идејното решение;
7. Изјава заверена на нотар со која се согласува дека авторските права се пренесуваат на Собранието (овозможување за негово користење, изменување) и
8. USB флеш драјв или ЦД/ДВД што ги содржи сите дигитални датотеки.

**Член 4**

(1) Учесниците на Јавниот конкурс треба да ги достават потребните документи во затворен плик. Во затворениот плик треба да има уште два запечатени плика од кои едниот со ознака: „Предлог-идејно решение за изработка на лого“ во кој е содржано идејното решение и документите од член 3 став (3) точки 1, 2, 3, 4 и 8 од овој конкурс, а другиот со ознака: „Податоци“ и истиот содржи податоци за идентификација на испраќачот (име и презиме, адреса на живеење и контакт телефон) и документите од член 3 став (3) точки 5, 6 и 7 од овој конкурс.

(2) Потребните документи се доставуваат во писарницата на Собранието на Република Северна Македонија или по пошта на следнава адреса: Собрание на Република Северна Македонија Бул. „11 Октомври“ бб, 1000 Скопје, со назнака „За Јавен конкурс за избор на идејно решение за изработка на заштитен знак (лого) на Собранието“.

**Член 5**

(1) Пристигнатите предлог идејни решенија ќе ги разгледува Комисија формирана од страна на претседателот на Собранието.

(2) Комисијата го задржува правото да не избере ниту едно од поднесените идејни решенија.

**Член 6**

(1) Рокот за доставување на предлог идејни решенија изнесува 45 дена, сметано од наредниот ден од денот на објавување на јавниот конкурс (несметајќи го денот на самото објавување).

(2) Комисијата нема да ги разгледува идејните решенија кои ќе пристигнат по предвидениот рок.

**Член 7**

(1) По завршување на Јавниот конкурс, избраниот учесник на идејното решение писмено се известува.

(2) Неизбраните идејни решенија ќе им бидат вратени на учесниците.

(3) По потреба со избраниот учесник можат да се извршат координативни состаноци со задолжени лица од Собранието, до три круга на ревизии, како и писмено известување на напредокот и барањата по секој состанок (целата комуникација ќе се води на македонски јазик).

**Член 8**

(1) На авторот на избраното идејно решение му припаѓа авторски надоместок во износ од 60.000 денари.

(2) Авторските права ќе се уредуваат на начин што со авторот на избраното идејно решение ќе се склучи авторски договор за откупување на правото на трајно и неограничено користење и измена на авторското дело од страна на Собранието, за избраното идејно решение, без никакви обврски спрема авторот, освен утврдениот надоместок.

**Член 9**

Сите права на интелектуална сопственост на конечни дизајни и испораки ќе бидат исклучиво пренесени на Собранието. Избраниот автор не смее да ги користи или пренаменува дизајните за други клиенти или цели. Собранието го задржува правото да врши измена на еден или сите елементи од конечното решение.

**Член 10**

Избраниот автор ќе обезбеди комплетни услуги за дизајн на логото, кои вклучуваат најмалку:

1. Истражување и концептуализација базирана на вредностите, мисијата, визијата на Собранието.
2. Креирање на лого за следниве ентитети:
   - Собрание на Република Северна Македонија (главно лого);
   - Собраниски ТВ канал (изведено лого).
3. Секое лого треба да биде придружено со детално објаснување на симболиката, вклучувајќи го значењето на секој елемент, боја и форма.
4. Секое лого, покрај графички елемент, треба да содржи и целосен текст на институцијата на македонски јазик и кирилско писмо, како и соодветен превод на албански и англиски јазик.
5. До три круга на ревизии по избран концепт.
6. Разработка на варијации на секое лого:
   - Верзии во боја, црно-бело и еднобојно;
   - Хоризонтален и вертикален распоред;
   - Графички елемент и графички елемент и текст.
7. Разработка на варијации на секое лого согласно со намената:
   - Документи и дигитално работење;

- Канцелариски материјали;
- Интернет презентирање;
- ТВ брендирање и
- Кампањи и проекти.

**Член 11**

(1) По утврдениот конечен изглед на главното и изведеното лого, избраниот автор на идејното решение треба да испорача конечна верзија на секое лого не подоцна од 3 (три) месеци.

(2) Конечна верзија на секое лого треба да вклучува:

1. Изготвен прирачник за визуелен идентитет и графички стандарди (PDF) кој ќе вклучува најмалку:

- Наратив за логото и образложение за дизајнот;
- Симболизам и објаснување за употребените елементи за логото;
- Водичи и усогласување меѓу двата визуелни идентитети;
- Употреба на изведеното лого заедно со главното;
- Верзии – хоризонтални/вертикални – црно-бело/колор - бела/колор основа – празен простор - немо (mute), еднојазично, повеќејазично – негатив/позитив – контури;
- Правила за користење на логото (големина, поставеност, неправилна употреба);
- Типографија и палета на бои (CMYK, RGB, HEX);
- Размери, структура, елементи;
- Минимална големина;
- Варијации на логото;
- Макети за употреба: меморандум А4, шаблони за презентација (PowerPoint, Word), банер на веб-страница и макета на почетната страница, тапет (wallpaper) за екран, канцелариски материјал (писмо, плико, пенкало), папка, покана, посетница, With Compliments картичка, признание, благодарница, индикатор, картичка за говор, банер, ролбанер, потпис за е-порака, електронска картичка за влез/конференциски систем, акредитација за настан, картичка за влез за гости, беџ, лента за беџ, профилна и слика за сметка на социјални медиуми, брендирање на фотографија, брендирање на видеоматеријал, елементи за брендирање на ТВ (лого од горен десен агол на екранот, најавни кајрони, долни третини, интро/аутро, преклопувања и сл.), апликации со лого за пултови за Собраниското ТВ студио, сет за јадење и пиење, екоторба, приврзок, позадина за електронска креатива и др.

2. Датотеки од логото во AI, EPS, SVG, PNG, JPG и PDF формати од сите верзии и употреби наведени во прирачникот;

3. Принт (300 dpi) и веб оптимизирани формати (72 dpi) од сите верзии и употреби наведени во прирачникот, каде е соодветно и

4. Детални писмени објаснувања за користените симболички и дизајнерски елементи.

**Член 12**

Овој конкурс се објавува на веб-страницата на Собранието и на сите профили на социјалните медиуми на Собранието и истиот се емитува на Собранискиот канал.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ/KRYETARI**
**Африм Гаши/Afrim Gashi**